| **Седмица: 10** **Час:** 9<br>**Датум:** | | | **Тема** 2: **Работа со текст**<br>**Наставна единица: Печатење документ** | | | **Одделение:**<br>IV |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 5 мин. | Да се оспособи да печати документ | **Сите можат:**<br>да ја препознаат важноста на печатење документ | Што значи печатење документ? Зошто е потребно да се печати документ? Преку бура на идеи учениците даваат примери за документи што ги користиме во печатена форма наместо во (електронска форма) компјутерски документ. | З<br>метод на разговор | Компјутер<br><br>Детски лап топ<br><br>Печатар<br><br>Хартија<br><br>USB меморија<br><br>LCD проектор | Прашање<br><br>Одговор |
| 30 мин. | | **Повеќето можат:**<br>ги печати на хартија сите страни од даден документ | Датотеките на учениците moja licna karta, наставникот со помош на USB меморија ги префрла на компјутерот што е поврзан со печатач (претходно секој ученик пред документот го додава бројот во дневникот).<br>- На LCD проектор наставникот им демонстрира на учениците печатење документ: прво го отвораме документот што сакаме да го печатиме. Можеме да се увериме дека компјутерот се поврзал со печатачот преку прозорот Датотека > Поставувања на печатач, со тоа што во полето Име ќе се покаже марката на печатачот. Кликаме Во ред за да се вратиме во документот.<br>- Го отвораме документот што ќе го печатиме, со избор на Датотека > Печати.<br>- Во полето Опсег на печатење наведуваме дали ќе ги печатиме сите страници или пак дел од нив (почетна страна – крајна страна),<br>- Во полето копии, наведуваме во колку примероци ќе се печати документот. Пред секое печатење проверуваме дали е вклучен печатачот и дали има доволно хартија во него.<br>- Учениците го печатат документот moja licna karta. Наставникот ја контролира нивната работа и помага. | метод на демонстрација<br><br>И<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување<br><br>Отпечатен документ |
| 5 мин. | | **Некои можат:**<br>да објаснат разни можности на печатење документ | Учениците ги објаснуваат можностите на дијалог прозорецот на локацијата Датотека > Печати. | З<br>метод на објаснување | | Дискусија |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги/групи/ возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Дискусија за погодностите на печатен документ<br>Главен дел: Активности за печатење документ, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Анализа на дијалог прозорот за печатење документ | | | | | | печатење, печатар, хартија, примероци, опсег. |

obrazovanie.literatura.mk